РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## Заверка на летен и запишување на зимски семестар 2013/2014

Запишувањето на зимскиот семестар за студентите на додипломските студии во учебната **2013/2014** година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство ќе се врши во периодот од 12.09. до 20.09.2012 година.

Уписот за студентите кои запишуваат 3. или повисок семестар се врши во 2 дела, електронски и на хартија. Електронското запишување треба да се заврши пред да се однесат и хартиените документи во службата за студентски прашања (во зградата на ТМФ за студентите од 2. и 3. година сите насоки, како и 4. година на насоките ИКИ и ИНФО, односно во соба 161 во зградата на ПМФ за студентите од 4. година на насоките АСИ и ИТ, од 9:00 до 12:00 часот). Се молат студентите да го почитуваат предвиденото време за достава на документите. Прием на документи вон објавениот термин нема да се врши.

По истекот на овој рок студентите уписот на семестарот ќе можат да го извршат со молба и надомест од **500,00** ден.

**Студентите од прва година уписот го извршуваат само електронски. За сите останати студенти, и двата чекори се задолжителни, односно уписот ќе се смета некомплетен доколку едниот од чекорите не е направен.**

## Потребни документи за хартиено запишување на зимски семетар (не важи за студентите од прва година):

1. Индекс
2. Уписен дупли лист со **50,00** ден. административна такса (се плаќа на уплатница или преку СМС);

3. Образец за запишување на семестар со **50,00** ден. административна такса (се плаќа на уплатница или преку СМС);
4. Пријавен лист од Државен завод за статистика на РМ (образец ШВ. 20);
5. Уплатница за школарина на жиро-сметката на ФИНКИ, согласно пресметаниот износ од апликацијата за уписи.
6. Уплатница во износ од **750,00** ден. на жиро-сметката на ФИНКИ, а се однесува за административно материјални трошоци и осигурување;
7. Уплатница во износ од **750,00** ден. за ИКСА на УКИМ, за ФИНКИ на жиро сметка: **100000000063095**, сметка за буџетски корисник: **1600103689 788 18**, приходна шифра: **723012 41**, банка на примачот: **НБРМ**.

***НАПОМЕНА***:
При уписот на зимскиот семестар ќе се врши и заверка на летниот семестар од учебната 2012/2013 година Сите студенти се должни заверката да ја извршат при уписот на зимскиот семестар. Студентите покрај горенаведените документи треба да достават семестрален лист (образец за заверка на семестар) со **50,00** ден. административна такса. Сите студенти кои нема да го заверат летниот семестар во овој рок, ќе можат истот да го направат подоцна но со казна од **500,00** ден.

## ЕЛЕКТРОНСКО ЗАПИШУВАЊЕ

Студентите се најавуваат преку централниот автентикациски сервис на ФИНКИ (CAS) преку адресата: https://finki.iknow.ukim.edu.mk
За сите бруцоши на ФИНКИ е отворен профил на автентикациски сервис на ФИНКИ (CAS). Корисничкото име е бројот на ИНДЕКСОТ на студентот, додека лозинката е случајно генерирана и испратена на маил на секој нов корисник. Истата автентикација ќе се употребува за сите студентски електронски сервиси на ФИНКИ

Откако ќе се најавите на системот, пред вас се отвара почетната страница за студентите. На неа се наоѓаат активни соопштенија кои биле поставени од факултетот. Главното мени за навигација се наоѓа на горниот дел од страницата веднаш под името, презимето и бр. индекс на најавениот студент.

Втората опција од менито ве води на страница на која можете да ги видите вашите лични податоци кои се внесени во системот при

запишувањето. Третата опција е "Запишани семестри". На оваа страница студентот има увид во тоа кои семестри му се веќе запишани. Во табот "Предмети" студентот има увид во запишаните предмети во семестрите кои ги запишал. Во табот "Испити" може да има увид кои предмети му се внесени во системот како положени и која е соодветната оценка која ја има добиено за истите. Во табот "Пријави" студентот има можност да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. Пријавувањето на испити ќе се употребува во Декември пред Јануарската сесија.

Во табот "Запишани семестри" од менито има табеларен преглед на претходно запишаните семестри (кај бруцошите нема претходно запишани семестри).

Во табот "Запишани семестри", во горниот дел се наоѓа опцијата за запишување на следниот семестар (зимски 2013/14). Од листата понудени семестри го избирате следниот семестар. Опциите за насока, квота и вид на студии ви се предодредени според претходниот семестар кој сте го запишале, односно според уписот за бруцошите. Доколку имате промена на овие податоци по разни основи, мора да се обратите на студентската служба. Откако сте ги избрале соодветните параметри, на копчето ”Внеси” го запишувате следиот семестар. Откако новиот запишан семестар ќе се појави прв во табелата запишани семестри, со клик на колоната ”Таксени” во редот од тој семестар се отвора прозорче во кое може да се внесуваат СМС кодови за таксени марки за уписот на тој семестар. Студентите од втора година и нагоре, потребно е да внесат таксени марки во противредност од 100 денари (50 за упис на семестар, 50 за изборот на предмети). **Студентите од прва година административните такси ги подмирија при запишувањето на факултетот.** Подоцна системот iKnow ќе се синхронизира со СМС системот за таксени марки од Р. Македонија. Со тоа внесените таксени марки ќе бидат валидирани и сумата ќе биде ажурирана. Иницијално таксените марки нема да се веднаш валидирани и сумата извесно време ќе стои на 0, се дури не помине валидација. Доколку сте внеле погрешни СМС кодови, после синхронизацијата системот ќе ве информира за грешката со порака на оваа страна и ќе мора да внесете точни СМС кодови.

Откако ќе го запишете новиот семестар во табот "Запишани семестри", се упатувате на следниот таб "Предмети". Тука ги избирате предметите кои ќе ги следите во следниот семестар. Најгоре лево на формата е избран

семестарот за кој ќе избирате предмети (зимски 2013/14). При запишувањето, најпрвин треба да ги изберете неположените задолжителни предмети од изминатиот зимски семестар. Потоа треба да ги изберете сите задолжителни предмети кои на вашата насока се слушаат во избраниот семестар, а за кои ги исполнувате предусловите. На крај избирате од изборните од тој семестар на вашата насока или на ниво на факултет, но не повеќе предмети од вкупно 35 кредити по семестар. Во прва година нормално е да се следат 30 кредити по семестар (исклучок е насоката ИНФО, каде сумата во првиот семестар е 29, додека во вториот 31). Оние предмети кои ги запишувате да ги следите, ги префрлате од левите листи во десните со помош на копчињата за лево/десно меѓу листите. Со секое префрлање на избран предмет од лево во десно се ажурира сумата за плаќање за тој семестар, сместена најгоре во средишниот дел на формата. **Во прва година школарината е веќе платена при запишувањето на факултет.** За повисоките години, истата треба да се уплати на уплатница (види точка 5 од потребни документи).

Откако сите потребни предмети ќе се префрлат во десните листи, најдолу десно на формата со копчето “Запиши” сите избрани предмети ќе се запишат за тој семестар и ќе се појават во табела “Запишани предмети” во горниот дел на формата. Откако со копчето “Запиши” ќе ги запишете предметите, завршува електронскиот дел од запишувањето на следниот семестар.

# Упис на семестар на студенти кои се во последен семестар од студии по ЕКТС

1. Студентите кои имаат пријавено дипломски труд ако до 01.10.2013 година истата ја одбранат немаат обврска за запишување на зимскиот семестар.
2. Студентите кои пријавиле дипломски труд во изминатиот летен семестар и истиот нема да го одбранат до 01.10.2013 година должни се да запишат зимски семестар при што покрај потребните документи треба да приложат уплатница во износ од **200,00** денари на жиро сметка на ФИНКИ (осигурување и уверенија за редовност) и уплатница од **1000,00** ден. за административни трошоци на жиро сметка на ФИНКИ.
3. Студентите кои немаат пријавено дипломски труд, а очекуваат да ги положат сите испити заклучно со августовската испитна сесија, како и студентите кои пријавиле дипломски труд во минатиот зимски семестар должни се да го запишат зимскиот семесар (во рокот за запишување на зимскиот семестар), како последен семестар на студии при што го пријавуваат дипломскиот труд во системот за електронско запишување (се избира како и секој друг предмети од листата на предмети) и ги уплаќаат соодветните кредити согласно пресметаниот износ на уплатница (види точка 5 од потребни документи).

Скопје, 12.09.2013 година　　　　Од Деканатот на ФИНКИ - Скопје